РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. 04-3931/19
13-06-2022 год.
Скопје

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен Весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.96/2019 и 110/2019"), член 23 став 4 од Законот за работните односи („Службен Весник на Република Македонија"бр.62/05, 106/08, 161/08,114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.110/19, 267/20 и 151/21) и член 22 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен Весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.143/19 и 14/20), а во врска со Правилникот за систематизација на работни места во Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерот донесе:

# ОДЛУКА

## за избор на (1) извршител за работно место по објавен оглас бр.2/2022 за работното место бр.1 на определено време

1. За извршител на работите за работно место Виш соработник за Комплетирање на материјали за Седници на Влада и Соработка со Влада на Република Македонија, Генерален Секретаријат и нивна евиденција, Одделение за координација на активностите на Министерот, Сектор за координација на работата на министер – 1 (еден) извршител;, на определено време, јавен оглас бр.2/2022, објавен во дневните весници „Слободен Печат" и „ Коха" на 30.05.2022 година, се избира кандидатот **Дритон Шерифи** .
2. Именуваниот ќе се вработи на работно место од точката 1 по завршување на постапката за избор и конечноста на одлуката, а врз основа на договор за вработување на Виш соработник за Комплетирање на материјали за Седници на Влада и Соработка со Влада на Република Македонија, Генерален Секретаријат и нивна евиденција, Одделение за координација на активностите на Министерот, Сектор за координација на работата на министер, на определено време.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Комисија за спроведување на јавен оглас бр.2/2022 во Министерство за животна средина и просторно планирање, формирана со Решение бр. 04-3931/11 од 02.06.2022 година, врз основа на Записник од работата на комисијата за спроведување на јавен оглас констатира дека на јавниот оглас за вработување на работно место Виш соработник за Комплетирање на материјали за Седници на Влада и Соработка со Влада на Република Македонија, Генерален Секретаријат и нивна евиденција, Одделение за координација на активностите на Министерот, Сектор за координација на работата на министер, на определено време, општите и посебните услови за наведеното работно место ги исполнува само кандидатот **Дритон Шерифи**.

Со оглед на тоа што именуваниот ги исполнува предвидените услови утврдени во јавниот оглас истиот може да заснова работен однос на определено време на горе наведеното работно место.

Министер
Naser Nuredini